# студентско ехо

Јуни 2013, Број 6

**Студентите дебатираат**




**Саше Ивановски: Борбата е гадна и тешка , но шансите за успех се големи**

**Студентите - дел од рекламната кампања на УГД**

Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

www.ugd.edu.mk

Правен Факултет при УГД
Студиска програма
по новинарство

СП УГД
www.spugd.org
Центар за односи
со јавноста




Посетете ги продажните катчиња во книжарниците на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и одберете подарок за себе и за вашите пријатели.

ПОДАРОК ШТО ЌЕ ТЕ НАТЕРА ДА КАЖЕШ




# УГД ПРОДАВНИЦА

Убавите спомени секогаш се носат со себе


# СОДРЖИНА:


4. Борбата е гадна и тешка, но шансите за успех се големи
5. Влијанието на синдикатот низ научна призма
5. Студентите дел од рекламната кампања на УГД
6. Студентите дебатираат
7. Вечниот бунтовник на малите екрани со најмоќниот глас во македонија!
9. Првпат во нашата кариера настапивме на мото собир
10. Вратеовски: “Сите мои ликови и претстави ги чувствувам како мои чеда”
11. Човекот треба да биде слободен
12. 60 години извидници 60 години млади
13. Дел од убавините на источна Македонија
14. Град во кој за миг ќе заборавите на секојдневните грижи
16. Кочани некогаш и денес
17. Женската чанта содржи повеќе бактерии отколку просечен тоалет!
18. Бродот „Црн Бисер” 104 години во вода
19. Топ дестинации за лето 2013-то
20. Просечна тинејџерка со својата мајка води кавга 183 пати годишно!
21. Жешко лето со Жежок стил
22. сабина
23. УГД има свој тениски првак
24. Наши колеги и успешни маратонци
26. Топ 5 најскапи светски спортски зданија



Главен и одговорен уредник:
м-р Игор Стојанов

Новинари:
Адријана Митевска
Ана Максимова
Ангелчо Захаријев
Душица Тренева
Ели Радевска
Емилија Јовановска
Зорица Нанова
Иван Дуковски
Јована Арсова
Марија Димитрова
Марија Лазоска
Марија Спасова
Ненад Мицов
Ронета Пеева
Сабина Трајкова
Симона Јованова
Христијан Митев

Графички уредник:
Александар Максимов

Центар за односи со јавноста, УГД

ИНТЕРВЈУ СО САШЕ ИВАНОВСКИ

ХРИСТИЈАН МИТЕВ

# Борбата е гадна и тешка, но шансите за успех се големи



**Каде беа твоите почетоци во новинарството?**
Во средно училиште во Кратово. Таму први сме што направивме средношколски весник во 1998-ма и направивме интервју тогаш со Снежана Георгиевска, Игор Џамбазов, Ристо Самарџиев... Тие тогаш беа многу важни ВИП личности, особено Снежана која баш таа година стана прва дама како сопруга на премиерот Љубчо.

**Не се одлучи да студираш новинарство?**
Јас студирав ЕТФ бидејќи сметав дека новинарите се обични потрчковци и нецenети од општеството. Сега гледам дека тогаш сум бил во голема грешка.

**Каков студент беше?**
Бев ужасен студент бидејќи не го сакав ЕТФ а исто така имав и многу финансиски проблеми па немав време за учење, иако и кога имав малку време тогаш читав весници и гледав вести и дебатни емисии.

**Каков беше твојот студентски живот?**
Тотален ужас и долго барање на себеси. Кога зборуваш за моето студирање, практично зборуваш за моите дваесетти години, а тие беа жестоки и секогаш сметав дека ќе им дојде крајот на возбудувањата, но не беше така. Најжестоки години за мене беа 2009, 2010 и 2011-та кога отидов да работам и шетам по светот, работев на бродови и во САД, тие 3 години ми беа буквално хорор филм.

**Што беше пресудно за да го одбереш новинарството како своја професија?**
Отсекогаш сум бил љубопитен и влечен од таа професија. Сакав да знам се, сакав да ги анализирам нештата, ја сакав политиката отсекогаш, има нешто што ме фасцинира во тие големи процеси на одлучување и креирање на општествата.

**Дали можеби сега откако добро владееш со професијата, односно си се запознал со нејзините позитивни и негативни страни би сменил нешто?**
Во Македонија професијата наша е традиционална и клишизирана, на неа се гледа со оној комунистички поглед дека новинарот е тука да поставува неутрални и лесни прашања и не треба многу да таласа или пак треба да биде дел од пропагандата на властите. Се друго е некултура и дрскост. А всушност во светски рамки е обратно.

**Доколку сега е ред да се запишеш на факултет, дали би се запишал на новинарство?**
Сега кога би студирал би студирал Економија или Право. Новинарите кои завршиле новинарство се меѓу најслабите новинари во Македонија а и во светски рамки.

**Што е тоа што најмногу ти пречи во оваа професија, и што е тоа што најмногу ти се допаѓа?**
**Најмногу ми пречи што во другите професии успехот зависи** од тебе, но овде зависи и од властите дали се демократи или не. Во оваа наша држава доколку сакаш да бидеш достоинствен новинар значи дека нема да направиш многу пари и ќе си имаш проблеми со околината ќе те потценуваат гледајќи те таков сиромашен и скромен ќе ти се потсмеваат и ќе имаш големо ниво на разочараност. Од друга страна ако сакаш пак да се збогатиш и станеш дел од владината пропаганда, тогаш ќе имаш многу пари но народот пак ќе те пцуе и колне.

**Дали е важен факултетот за младите денес?**
Не е пресудно што си завршил и каде туку дали имаш врски или пак ако ги немаш да се бориш со сите средства без разлика дали имаш школо или не, борбата е подеднакво гадна и тешка но и во сите случаи можностите за успех се доста големи ако се вроди многу труд и ум.

**Велат дека секој почеток е тежок, па дали според вас и почетокот во оваа професија е тежок и делува демотивирачки?**
Зависи каков е почетокот, но да секоја професија на почетокот е тешка но доколку ја сакаш тогаш се е ОК.

**Што би им препорачал на младите студенти, дали според вас имаат блескава иднина во нашата земја?**
Во нашата земја ќе имаат тешка иднина која вреди да се проба, бегството во странство е мачно, цел живот ќе копнеат по Македонија и ќе се чувствуваат како на гости.
За крај, кој е вашиот совет за помладите колеги новинари?
Нека изберат морално и гордо новинарство, нека бегаат подалеку од политичарите, никако другарување и работење за нив.







ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ОД ДОЦ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ

ЈОВАНА АРСОВА

# ВЛИЈАНИЕТО НА СИНДИКАТОТ НИЗ НАУЧНА ПРИЗМА



На 4 јуни се одржа промоција на книгата "Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Р. Македонија во периодот од 1990-2012 година", од доц. д-р Андон Мајхошев. Промоцијата се одржа во просториите на Универзитетската библиотека "Гоце Делчев" – Штип која наедно е и издавач на книгата. На промоцијата присуствуваа професори и асистенти од УГД, а промотор на книгата беше проф. д-р Лидија Христова и проф. д-р Љубица Чонева.
Во книгата е направена анализа на улогата на синдикатот во процесот на колективното преговарање со примена на моделот на индустриските односи на Харвардскиот професор Чон Данлоп. Анализирани се надворешните и внатрешните фактори коишто влијаат во процесот на колективното преговарање со акцент на улогата на синдикатот. Од истражувањето на факторите е дојдено до заклучок дека моќта на синдикатот на подолг период опаднала, а со тоа и неговата улога и влијание во процесот на колективното преговарање. Моќта на синдикатот во трудот е анализирана низ призмата на бројот на синдикално членство, финансиите, лидерството, политичките влијанија врз синдикатот, како внатрешни фактори на влијание, но и влијанието на надворешните фактори - пазарот на трудот (понудата и побарувачката), политиките на Меѓународниот монетарен фонд и на Светска банка итн. Во трудот се дава препорака и модел како да се подобри состојбата во Република Македонија во однос на колективното преговарање.

РАЗГОВОР СО ГОРАН НАКОВСКИ – ФОТОГРАФОТ НА РЕКЛАМНАТА КАМПАЊА НА УГД

ЈОВАНА АРСОВА



# Студентите дел од рекламната кампања на УГД

Студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ комплетно се вклучија во креирањето на рекламната кампања на УГД посветена на уписите 2013/2014. Дел од студентите беа модели во изработката на фото – сесијата, дел помагаа околу идејата за реализација, а студентот Горан Наковски беше фотограф на оваа фото сесија. Целата рекламна кампања ја реализираше Центарот за односи со јавноста на УГД, но со вклученост на студентите, а најмногу со студентите од студиската програма по новинарство и односи со јавноста. Со помош на новинарството, Горан Наковски ја засакал фотографијата и како производ на овие две професии, тој фотоновинарството го гледа како негова идна професија. За неговите фотографии кои можете да ги видите на неговата фејсбук страница, наголемо се зборува. Се повеќе млади луѓе сакаат да бидат дел од албумите на G-HAUS. Покрај ова, неговите фотографии кои беа наменети за промотивни цели за УГД, можете да ги видите на огромни билборди во градот. Накратко поразговаравме со него околу неговите идни планови и за соработката со УГД.

**Од кога почна да фотографираш и кој е твојот најголем предизвик за фотографирање?**
Фотографирам уште од средношколските денови и отсекогаш ме привлекуваше камерата, но професионално и интензивно се занимавам околу 2 години. Она што најмногу ме инспирира да фотографирам е убавината на луѓето, убавината на она што понекогаш е сокриено, а јас го гледам ... и токму преку моите фотографии посакувам и другите да уживаат во таа (скриена) убавина .... и единствено што сакам е да им покажам на луѓето како јас го гледам светот, во никој случај не ме интересира што е ИН и модерно или пак што прават и како работат другите уметници кои се занимаваат со оваа професија.

**Последен твој ангажман беше промотивната фотосесија за УГД. Како дојде до таа соработка?**
Како веќе бивши дипломиран студент на УГД, имав предност пред останатите да бидам избран од страна на одговорните луѓе од ЦОЈ (Центарот за односи со јавноста на УГД) токму јас да ги изработам промотивните фотографии за УГД. Истите беа искористени на саемот за образование во Скопје, а воедно и за сите промотивни потреби на универзитетот меѓу кои и неколкуте билборди со моите фотографии на кои сум посебно горд. Тука не застанавме, нашата соработка продолжи со изработување на фотографии кои веќе се искористени за промоција на УГД продавницата.

**Од каде ја црпиш инспирацијата за фотографирање ?**
Дефинитивно од музиката и емоциите .. имено моите најуспешни фотографии се создадени во присуство на многу среќа или тага .. што значи мојата емотивна состојба заедно со музиката можат да создадат вистински ремек дела.




**Во новите простории на академскиот клуб на Универзитетот Гоце Делчев се случи првата изложба на уметнички фотографии на Горан Наковски. "The Sun Is Down" беше насловот на овој проект кој се состоеше од 20 уметнички и модни фотографии. Она што најмногу го инспирира авторот е убавината на жената, па така и во овој случај тој ја 'искористи' необичната убавина на младата и харизматична Ванеса Николова за создавање на овие ремек дела. Настанот предизвика позитивни реакции кај штипската публика, а големата посетеност само ја потврди заинтересираноста на љубителите на уметноста за делата на Горан. Ова е само почеток на она што следува во неговата почетничка фотографска кариера, а љубителите на уметноста и фотографијата слободно можат да ги погледнат фотографиите до крајот на месецот.**

**ВКЛУЧИ СЕ И ТИ** — **МАРИЈА ДИМИТРОВА**



# СТУДЕНТИТЕ ДЕБАТИРААТ





Под мотото **„Размислувај, дебатирај, креирај"** Универзитетот „Гоце Делчев" –Штип уште од минатата студиска година им овозможи на своите студенти да ги изразат своите ставови и мислења, преку отворените радиодебати на универзитетското радио "УГД ФМ" . Првиот серијал на дебати започна со учество само на студентите од УГД, бидејќи како што вели модераторот на истите главниот и одговорен уредник на УГД ФМ м-р Игор Стојанов идејата за радиодебати била многу одамна, но истовремено и многу тешко да се најдат студенти кој ќе бидат дел од овој проект кои континуирано ќе се вклучат во дебата со авторитети. Но, со текот на времето радиодебатите станаа се попопуларни меѓу самите студенти. Сето тоа придонесе во вториот серијал од радиодебатите, студентите да дебатираат против експерти или авторитети. Тоа значи дека постојано дебатираат два тима, студенти кој слободно ги изнесуваат своите ставови и ја бранат тезата, наспроти авторитети и експерти од областа.

Целта на овие дебати е секој студент да може слободно да се изрази, без страв и аргументирано да го каже своето мислење, својот став како и да научи да ги слушне спротивните мислења и идеи. Како дебатери од спротивниот тим гостуваат експерти од најразлични области меѓу кои преовладува професорската, новинарската фела и останатите.

Полни со самодоверба и ентузијазам, студентите Кристијан Панев и Мартина Георгиева се редовни дебатери од тимот на студентите. Како дебатери ги запрашавме од каде се појавила желба за дебатирање кај нив?

"Желбата за дебатирање веројатно се појави од потребата пред се да научиме, а потоа и свесно да аргументираме и да зборуваме за прашања кои не интересираат нас младите но, веројатно и сите останати" –истакна Кристијан Панев. Во краткиот разговор што го направивме, откривме дека за нив дебатата претставува добра можност да научиш што е култура на дијалог, нешто што многу недостасува во нашето општество, да научиш да имаш став и добро изградени аргументи за она што зборуваш, но и добра алатка да ги кажеш гласно работите кои ти недостигаат, да дискутираш за проблемите и можните решенија и самиот активно да се вклучиш во донесувањето на одлуки од твој интерес. А, наедно и клучна алатка во едно демократско општество, какво што е нашето, или барем какво што се обидува да биде, така што би требало што повеќе и помасовно да се користи.

Показател за незапирливата желба на студентите да дебатираат е и организирањето на јавните дебати на Правниот факултет во рамките на предметот социологија на правото кои се во тек, под раководство на Проф. д-р Страшко Стојановски.

На прашањето колку е задоволен од радиодебатите и од учеството на самите студенти модераторот м-р Игор Стојанов ни одговори:

" До сега опфативме многу теми, теми кои се предмет на дебата и во светски рамки, но бевме храбри и да отвориме некои прашања кои до сега не биле отворени кај нас. Тешко беше да се тргне со овој серијал на јавни дебати, но откако почна проектот сега сум многу задоволен од одзивот и на студентите и на гостите. Во оваа прилика морам да ги пофалам Кристијан и Мартина кои се согласија да бидат дел од овој радио проект и веќе втора година се дел од оваа дебата. Се надевам дека со текот на времето ќе имаме повеќе дебатери и повеќе публика и дека оваа радио дебата ќе стане препознатлив симбол на слободата на говорот на младите генерации и израз на прогреивното и современот јавно мислење кои ќе го изнесуваат генерации на млади луѓе.

Кристијан и Мартина задоволни од оваа одлична можност што ја нуди УГД ФМ искрено им препорачуваат на сите млади луѓе но, и на постарите активно да се вклучат во што повеќе дискусии и дебати и да ги искажат аргументирано своите ставови и мислења. Тие велат дека дебатите на УГД ФМ се една нова можност која што им се нуди и одличен простор, организирано и аргументирано да дебатираат за важни прашања од сопствен, но и од општ интерес. Пред се заради нив и нивно сопствено усовршува, но и за изградба на поквалитетно општество со сите негови сегменти.





**ИНТЕРВЈУ ОГНЕН ЈАНЕСКИ** — **МАРИЈА ЛАЗОВСКА**



# ВЕЧНИОТ БУНТОВНИК НА МАЛИТЕ ЕКРАНИ СО НАЈМОЌНИОТ ГЛАС ВО МАКЕДОНИЈА!

**"Како и секоја друга личност на планетава малечка, има моменти, кога сакам да си излезам од сопствената кожа, и да ја оставам да самува подолго време, додека умот и духот ми лутаат некаде на друго место, безгрижно."**

**Млад и успешен лик кој веќе 15 години е на македонското новинарско небо, Огнен Јанески има 26 години, а од својата 11-та година се појавува на малите екрани и со својот препознатлив глас ги плени слушателите и на радио фреквенциите ширум Македонија. Ова прилепско дете како што тој се нарекува е уредник во ТВ "24 Вести", колумнист во "Утрински Весник", обучувач по дебата и ПР. Малкумина знаат дека Јанески 5 години работел во прилепскиот театар, покрај театарот ова амбициозно момче имало желба да биде и оперски пејач, но се запишал на политички науки на Правниот Факултет во Скопје. Денес тој е еден од најпрепознатливите гласови што сме ги слушнале на малите екрани во нашава земја, токму поради тоа е и миленик на голем дел од женската публика.**

**Зошто баш новинарството, зошто не театарот или операта?**

- Ах, и Вие не знаете што прашувате. Баш ги погодивте нештата, со кои сум бил поврзан некако во минатото.

Јас, во народниот театар во Прилеп, работев 5 години, и во аматерски и во професионални претстави. Среќен сум и горд на тие години, но, едноставно сфатив, дека во групата во којашто функционирав театарски има луѓе, што се вистински и квалитетни идни актери (сега веќе докажани). Јас тоа го правев од љубов, но, не верував дека можам да прераснам во еден од најдобрите актери, зашто сум реален со себеси, по однос на тие работи. И затоа, тоа им го оставив на тие кои вистина можат да бидат водечки во таа професија, и тоа и се докажа. Но, сепак, имаше и нешто друго што ми недостасуваше во театарот, во претставите... Отсекогаш сум бил вљубеник во операта, зашто има совршен спој на театар и музика, пеење и актерска игра, танц и разговор. Токму и тоа ми беше академската станица, каде што ми тргна возот, за време на последната година од средното образование, но, билетот за таму ми беше доста скап во тоа време, па одлучив да застанам на една попатна станица, која ја завршувам, па некогаш, ќе стигнам и на перонот, каде што се изведува најубавата опера.

**Според Вас, што треба да поседува еден млад човек за да биде успешен новинар?**

- Немам што да Ви философирам по однос на ова прашање. За успешен новинар, ќе ги прашате моите колеги, кои тоа го работат макотрпно и теренски катаден. Јас себеси, не се сметам за новинар (што најчесто како професија го врзуваат за терен, во државава кај нас), зашто сум студиски новинар, а не теренски. Ретки биле моментите, кога сум трчал по улици, институции и организации, за да „ископам нешто јако" за во Вести. Јас сум повеќе за да седнам во студио и да ви извртам муабетот, таму каде што според мене му е местото на муабетот. Да го дознаам тоа што сум сакал да знам и кога сум бил гледач и само гледач. Да го извлечам од вас, тоа што сум го викал пред ТВ, кога сум седел дома и сум се карал со водителот што сум го гледал, зошто не му поставува суштински прашања на гостите.За секоја професија, треба само да си ја сакате. Да си ја почитувате и секако да сте работник. Ако не ви се работи, и ако нон-стоп нешто имате мака и притоа се жалите и на самото работно место, одете си дома и останете си таму. Или најдете си друга професија.

**Верувате ли дека во иднина состојбата на македонското новинарство ќе се промени?**

- Состојбата во македонското новинарство, воопшто не е добра, за да биде уште подобра. Јас, искрено се надевам дека ќе биде подобро и дека запознаам нормални времиња и нормални услови за работа, зашто, верувајте ми, такви во Македонија не познавам, барем не во изминатите 7 години, како работам во сериозни национални медиуми, и претходно во локални. Ни сум работел во нормални, барем минимални новинарски услови – ни, пак, работам во такви. Едноставно, кај нас, во Македонија, условите за работа во медиумите се на страшно ниво. Ретко кој ве почитува, а најчесто тие што ве почитуваат, се оние кои ви се на исто рамниште со вас и немаат како да ви ја вреднуваат работата, или трудот, освен со пофални зборови (кои, во времињата во кои живееме можат да бидат и прекупотребни за новинарот). Останатите, што ви се надредени, единствено мислат дека за новинарот „потчукнувањето по рамо" е една совршена алатка за поттикнување на ентузијазмот и желбата за квалитетен новинарски труд. Па по некое време, бидејќи ќе ви се „дијагностицира искривување на едното рамо", почнувате да го вртите второто, со надеж дека нема да завршите во кифозна состојба, што мнозумина би ја толкувале како „виткање кичма", односно како онаа старата, дека: „Наведната глава – сабја не ја сече".

Верувам, и сакам да верувам дека ќе дојдат подобри времиња. Затоа и работам се' уште, затоа и се трудам, да направам барем толку – колку што можам, услови за подобри времиња. Ако не дојдат, се надевам дека надежта нема да умре.




**Што мислите за слободата на изразување во нашата земја и сте имале ли момент кога сте го кажале Вашето мислење по секоја цена?**

- О, да. Имало моменти кога сум го кажал своето мислење по секоја цена. Но, размислувам, зошто кај нас постои јазичната конструкција „по секоја цена"? Дали секој муабет, секоја мисла, мора да биде вреднувана според некоја цена, или да биде бесценета, прецената или неценета?

Секоја мисла треба да се почитува. Сечие мислење е важно и исто толку вредно, колку и нечие друго. Секој човек знае што кажува, но, тоа го кажува на поинаков начин. Пообразован, попрост, посуптилен, подиректен, поискрен, позатскриен начин, или како и да е, мислата е таа која треба да биде ослободена од канџи, окови, стеги, тупаници, боксови и слични физички и ментални насилства, кои не соодветствуваат на ни едно општество, а камо ли на денешното.

Во Македонија, а и во светот, во суштина, проблемот со луѓето е во тоа што тие не разликуваат говор на омраза од слобода на изразување. Од суштинска важност е човек да знае дека ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НЕ Е СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ. Не може, ако вие некого нарекувате „пе*ер еден", да мислите дека тоа ќе се смета за слобода на вашето изразување, а не за говор на омраза кон друга личност.

Како што постојат рески граници меѓу лудилото и генијалноста, љубовта и омразата, животот и смртта, така постои и таа реска, малечка граница меѓу говорот на омраза и слободата на изразување. Не значи, дека ако ние премолчуваме за некои работи, нам ни е одземена слободата на изразување, туку, на против, се покажуваме како самосвесни суштества кои разбираат до каде се границите човековата емоција и постоење. Нанесувањето душевна болка, преку вербален напад е пострашно, отколку некого физички да го „измлатите квалитетно". Од физичкото насилство (кое во ни еден сегмент не го оправдувам, дури и кога инстанците го оправдуваат) може да ви останат физички последици, со кои ќе се навикнете да живеете. Но, повредата на егото, умот, духот и мислата е пострашна за навикнување. Зашто , ќе придонесе сигурно многу повеќе во самоуништување на човекот, или човештвото воопшто. Преку пример земено, во конкретното општество во кое живееме: Македонец да му рече на македонски Албанец „Шиптар еден!" се смета за говор на омраза, зашто тоа би го кажал со таква емоција во себе. Кога македонски Албанец ќе му рече на друг македонски Албанец „Шиптар еден." се смета за слобода на изразување, зашто емоцијата што ја употребува не е во омразен контекст. И ние, тоа и треба да го промениме. Токму новинарската улога во општеството е таа, која треба да ги потпомогне тие промени, да го едуцира општеството, но, пред се' – новинарите самите, треба да се едуцираат што е говор на омраза, а што слобода на изразување. Слободата не ни се подарува, за неа човек треба да се избори, во денешното време на живеење. Историјата ни посочува дека човештвото направило многу грешки, поради кои тоа е така денес.





**Неодамна бевте гостин - предавач на нашиот универзитет "Гоце Делчев" и имавте неколку часовна дружба со студентите по новинарство и односи со јавноста, какви се вашите импресии од средбата?**

- Се радувам на таа средба. И така како што и очекував, така и си поминав – одлично. Мило ми е што, сите студенти кои беа присутни од прва и од трета година, ми изгледаа дека слушаат внимателно, што е сосема доволно за еден предавач да се почувствува како успешен во своите предавања што ги одржал. Разменив многу искуства со нив, па се надевам дека многу од тие кажани работи, ќе им помогнат низ професијата во иднина, во која им посакувам успех, и при тоа, тие споделени искуства, ќе им помогнат да не „лутаат" на моменти, како што сме лутале, јас и мои колеги низ годините.

**Што ќе им порачате на сите млади луѓе кои во иднина ќе го одберат новинарството за своја професија?**

- Можеби на ова прашање, најкратко ќе Ви одговорам.

Верувајте во себе си, секогаш. Но, пред се' – научете ги основните принципи на работа, човековите права и слободи, почитувајте ги различните од вас, како според карактерот, мислењата, облеката и однесувањето, така и според начинот на работа. Зашто, креативноста доаѓа од различностите. А со добро развиени креативност и почит, во новинарството ќе имате успех, во тоа што го имате наумено, да го пренесете на вашата публика. И со среќа – зашто за сето ова погоре, треба да се избориме, во ова општество, кое новинарството го маргинализира од ден на ден, се' повеќе. Не станувајте имуни, ни пак нихилисти, кога станува збор за вашата професија. Зашто нашата игнорантност е моќта на тие што сакаат да не' замолчат.







# ПРВПАТ ВО НАШАТА КАРИЕРА НАСТАПИВМЕ НА МОТО СОБИР

**Моторџискиот хепенинг кој по четврти пат се одржа во Велес на велешкото езеро Младост, е главната причина за првиот настап на моторџиски собир на легендарниот џез/рок, рокенрол состав Леб и сол. Иако во изменет состав, без виртуозот Влатко Стефановски, сепак добриот звук се уште е карактеристика за нив. Во овој број на Студентско ехо ги имаме токму нив. Леб и сол најзвучното име на македонска џез/ рок, рокенрол сцена**

**Студентско ехо дознава дека за прв пат во вашата кариера настапивте на мото собир кој се одржа крај велешкото езеро Младост. Како мотоциклистите ја прифатија вашата музика?**

- Вакви свирки имаше порано, пред околу 20/30 години, но тие свирки не беа организирани за моторџиски собири,е овој хепенинг не е многу поразличен од оние свирки кои сме ги правеле порано. Бидејќи првпат настапувавме мораме да ви кажеме дека многу убаво си поминавме. Бидејќи станува збор за моторџии мислевме дека сакаат музика од типот на рок, хард рок, хеви итн., но фасцинирани сме како тие ја примија нашата музика, бидејќи музиката која ние ја изведуваме е малку по специфична. Во секој случај воспоставивме контакт со публиката, и се обидовме да звучиме пософистицирано.



**Во минатото почесни гости сте биле во Велес. Имате свирено во повеќе локали. Да ги потсетиме оние кои малку подзаборавиле, каква публика се велешани?**

- Ние сме воодушевени од велешани, прекрасна публика. Еден член од нашиот состав на некои начин е и велешки зет. Во градот на Рацин имаме настапувано многупати, можеби и едни од позначајните и подобрите свирки сме ги имале во тој град. Многу добра соработка имавме со велешкиот театар во 90 години и многупати настапувавме во Антички локалитет Стоби. Бодан Арсовски (велешкиот зет)- морам да напомнам дека во Велес ги имав најдобрите музички соло изведби, и да нагласам дека во периодот во 90 години преку неколкуте музики за театарските претстави кои ги направив ми помогнаа да сигнеме до ова денеска што сум.

**Може ли да се спореди македонската публика со публиката во странство?**

- Можеме да кажеме само дека нашата македонска публика ни е по драга. Инаку со оглед на тоа дека имаме настапувано во многу држави надвор од нашата татковина можеме да кажеме дека секаде публиката добро не прифаќа.

**Еден од најпознатите членови во вашиот состав, Влатко Стефановски не е повеќе дел од Леб и сол, зошто?**

- Да Влатко Стефановски не е повеќе дел од Леб и сол, има своја сопствена соло кариера. Иако тој не сакаше да постои Леб и сол, сепак ние продолжиме и понатаму да опстојуваме на македонската рокенрол сцена.

**И за крај, со оглед на тоа дека помладата публика не доволно ве познава вас и вашата музика. Па што би им кажале на нашите читатели на Студентско Ехо?**

- Не чекајте од вашите мајки и татковци и баби и дедовци да ви раскажуваат за нас. Ние сме се уште тука и жално е да се знае какво музичко богатство има во нашата држава. Штета би било ако нашата музика и ние како музички состав бидеме раскажувани како еден вид на преданија. Младите не треба да слушаат само странска музика, треба да знаат дека овде и во Македонија има квалитетна музика. Една анегдота само, во школството во Србија, по музичко образование се изучува за нас како пример за рокенрол, за таа разлика кај нас не се ни спомнува за нашето име.





РАЗГОВОР СО АКТЕРОТ МИЛЕ ВРАТЕОВСКИ — ИВАН ДУКОВСКИ



# ВРАТЕОВСКИ: “СИТЕ МОИ ЛИКОВИ И ПРЕТСТАВИ ГИ ЧУВСТВУВАМ КАКО МОИ ЧЕДА”

**Миле Вратеовски е актер кој од 2005та година активно и професионално работи на сцената во Народниот театар во Штип. Има дипломирано на академијата НАТФИС во Софија, Бугарија, а меѓу неговите професионални театарски ангажмани се вбројуваат повеќе претстави, меѓу кои: “Метаморфози”, “Бегалка”, “Хасанагиница” и многу други. Неговата харизма,енергија и посветеноста кон театарот и уметноста е повод за разговор со него.**

**Од место каде што не постои театар, од Пехчево, потекнува актер кој изобилува со неверојатни театарски способности. Актер, кој може да го игра и Хасан-ага и Дон Жуан.**

**Кога, каде и какви беа вашите актерски почетоци?**

- Љубовта ја имам уште од мали нозе,а првите почетоци ми беа од 95тата година, кога со мојата професорка по македонски јазик, со драмската секција во гимназијата направивме неколку претстави.

Зошто оваа професија?

- Кај мене, во моето родно Пехчево нема театар и многу ретко одев на претстави. Мислам дека филмот беше првото нешто кое што ме фасцинира за да почнам и да ми се допаѓа таа професија, а особено Петре Прличко. И до ден денес тој е мојот идол. Тоа е таа нишка од која започна се и ми помогна да се најдам сега каде што сум.

**Имате многу театарски улоги, можете ли да издвоите некоја која е најблиску до вас, до вашиот карактер?**

-Тоа е најтешкото прашање за еден актер. Сите ми се драги и сите ги сакам и имам изградено почит кон сите. Едноставно предвид ја земам варијантата, го земам ликот и го ставам на мојата анима и од таму почнувам да навлегувам во сржта и содржината на ликот. Не гледам јас да влезам во ликот и да го играм, туку ликот да излезе од тоа што го умеам и од мојот карактер.

**Претстава која особено ви е драга и истата би сакале да ја играте постојано?**

-Сите претстави ми се драги. Некои малку повеќе, некои помалку. Непристојно ми е да издвојам некоја. Тоа е исто како да прашаш мајка која од нејзините деца е поубаво. Всушност, има претстави на кои работиш со љубов и уживаш во тоа,а има и претстави кои се потешки т.е. вложуваш поголем напор. Но, сите мои ликови и претстави ги чувствувам како мои чеда.

**Што е она што ја носи славата на еден актер, континуитетот во работата или доволно е една добра улога за да се стане препознатлив?**

-Тоа е во самиот ментален склоп на секој човек, не само на актерот, да се издвоиш од масата и да бидеш поразличен или славен. Впрочем, денес луѓето со некои квази и клише статуси и цитирани реченици по социјалните интернет мрежи ќе се здобијат со сопствен кредибилитет. Но и самото општество пропагира каква личност ќе бидеш. Еве да го земеме на пример Раде Шербеџија. Тој додека беше на сцената во Хрватска го знаеја луѓе кои се од сферата на уметноста, но после неговото претставување на големото холивудско платно,мислам дека нема човек од поранешните екс-ју простори кој што не го знае.

Сепак, за еден актер е битна неговата слава и препознатливост, независно од тоа дали ќе има илјада или само една улога.

**Според вас, на кој начин театарот може да профитира,а публиката да биде задоволна. Односно, што е она што публиката сака да го гледа?**

-Театарот никогаш не може да профитира. Најголемиот профит и сатисфакција за театарот би бил, полни салони. А, секогаш има менаџери кои сакаат да профитираат, ама го згрешиле местото. А што сака публиката? Тоа е многу неблагодарно да се каже. Таа го сака она што ќе го научи и тоа на што ќе се навикне, но тоа не се случува преку ноќ. Тоа е еден вид на стратегија и треба да трае подолго. А, моментално имаме моќен противник,интернетот, каде што луѓето едноставно не можат да се одвојат од својата удобна фотеља, бидејќи на дофат имаат се. Во ваква ситуација актерот не знам што треба да направи, едноставно да се исцрпи целосно од работа за да ги натера луѓето од удобната фотеља да дојдат на полускршените столчиња во театарот. Треба да се случи магија,но сепак на еден театар му треба и добра маркетинг продукција за да привлекува публика. Публиката повеќе сака комедија. Се сложувате со тоа?

-Народски е кажано дека луѓето повеќе сакаат комедија. Но, сепак секоја претстава сработена со енергија е прифатена со внимание кај публиката без разлика со каква тематика е. Овде како пример ќе ја споменам претставата Бегалка, сработена со голема енергија и опстојуваше на репертоар со енергија. И покрај таквата трагедија во неа, публиката ја сакаше таа претстава и овозможи да опстои на сцената во театарот со триесет изведби по премиера. А, исто така и Хасанагиница, со изиграни четиринаесет претстави на слободна продажба покажа голем успех.

**Какво е вашето филмско искуство?**

-Моето филмско искуство е доста минимално. Повеќе имам телевизиски проекти и реклами . Споредни улоги во филм можам да ги избројам на прсти. Се уште го чекам својот блесок на филмското платно.





**Театар или филм? Вечното прашање што му се поставува на секој актер.**

- Да ме прашаше ова пред десет години ќе ти кажев филм, а сега не знам, ама повеќе сум за театарот. Но, сепак и театар и филм. Театарот е една слобода, едно нешто кое ти дозволува ликот да не го изгубиш, туку да го надградуваш и да комуницираш со него секогаш кога си на сцената за време на претставата. А, филмот го доживувам на начин, како душата да го напушта телото и се гледаш самиот себе си од друг агол.

**Неколку збора за вашето работно искуство во Народниот Театар во Штип?**

- Моите први почетоци со Штипскиот народен театар се од 2004тата година како копродукција на штипски со струмички театар, потоа како гост во претставата Добриот Доктор, а веќе од 2005 година сум на паушал во штипскиот театар .Прва моја претстава беше Метаморфози со која постигнавме големи успеси и надвор од нашата држава.

**А, како ти се допаѓа Штип? Колку Штип е пријатно место за живеење.**

- Многу го сакам Штип. Како прво, овде ми се разубави животот поради мојата љубов, овде ја запознав мојата сопруга со која имаме и две ќерки, а имам и одлична колегијална екипа со која имаме одлична дружба и соработка.

**Што е она што го планираш во иднина?**

- Нешто што сакам да го реализирам во најблиска иднина е мојот документарен филм. А, во план сме со моите колеги да вложиме голем труд и работа за да го вратиме театарскиот дух во градот.

РАЗГОВОР СО ИВАЈЛО НЕНОВ – УСПЕШЕН АКТЕР ОД БУГАРИЈА — ДУШИЦА ТРЕНЕВА

# ЧОВЕКОТ ТРЕБА ДА БИДЕ СЛОБОДЕН



**Ивајло Ненов беше дел од жирито на театарскиот фестивал „Океан од љубов“ на кој учествуваа студентите од УГД преку Мултимедијалната академска камерна сцена со претставата „Под масата“. Ивајло е уметник од Бугарија кој е еден од ретките кој имал чест да го игра Хамлет. Има одиграно повеќе претстави, учествувано во кратки филмови, дипломски работи, реклами како и учество во workshop, во и надвор од Бугарија. Неслучајно има толку многу проекти, одлично танцува и пее, го владее англискиот и рускиот и добро стои со германскиот јазик. За читателите на Студентско Ехо во овој број ја доближуваме приказната на еден успешен бугарски актер во Македонија. Со Ивајло разговараме за сите разлики и сличности меѓу бугарскиот и македонскиот театар и за професионалната кариера на еден успешен млад актер.**

**Сите уште од мали нозе имаме желби за она што сакаме да бидеме кога ќе порасснеме. Која беше вашата? Кој ви ја вроди таа желба?**

Само што ги научивме буквите во прво одделение, требаше да напишеме што сакаме да бидеме кога ќе порасснеме и јас напишав учен. Не знаев што е тоа, ама изгледаше интересно и возможно. Всушност секогаш сум сакал да се занимавам со театар. Но тогаш дури не смеев да си помислам дека јас би можел да се бавам со тоа. Мислев дека секој не може да се занимава со театар. Од многу мал сум по театрите, но само како гледач. Е сега можам отворено да кажам дека сум бил во право – не може секој да работи во театар, но и никој не треба да се потценува, затоа испитувајте. Еден актер случајно ми кажа да отидам на кастинг. Мајка ми ме натера да се појавам на кастингот ,ми рече: „Ивчо, оди во театрот , да го вдишеш воздухот кој го дишат тие луѓе! “ и ете, таа е заслужна за мојот прекрасен живот.

**Дали мислите дека уметноста се цени или се обрнува внимание само доколку настанот медиумски добро се изрекламира?**

Рекламата е важна, но најдобрата реклама е од „уста на уста“. Освен тоа театарот треба да е актуелен за да има публика. Театарот треба да се прави со голема одговорност. Обожавам интелигентни хулигани, доста умни актери и полни со творечка мисија.

**Кои се вредностите на Вашата професија?**

Можно е да се задлабочи шизофренијата, но пак може да се лекува.

**Од каде црпите инспирација за Вашата работа?**

Од животот. Животот е доста интересен. Тој е непредвидлив и ако го познаваме добро и му се довериме на сцената и пред камера можно е да се случат доста неочекувани и интересни нешта. Но за тоа човек треба да има висока култура и чисти сетила.

**Театар или филм?**

И филм и театар, но да се значајни. Да се прават со значајни луѓе. Всушност, живиот контакт во театар е нешто волшебно. Тоа е предност.

**Имате ли движечка сила во животот?**

Сонцето, музиката, љубовта... тоа е всушност самиот живот!

**На што работите моментално?**

Веќе сум на одмор и мислам да се одморам добро на некоја плажа со различни пријатни луѓе и многу ѕвезди ноќе. Можеби ќе се случи нешто на крајот од летото, но не сакам сега да мислам на тоа...

**Што значи да се игра Хамлет, дали е тоа врв во актерството, и колку еден актер созрева со таа улога или мора веќе да е созреан за да ја одигра?**

Хамлет се живее... Тоа е созревање. Константин Павлов во своето дело „Излез секогаш постои“ вели дека на еден момент во животот на човекот ( не секој поминува низ него) кога се запрашуваш како живееме, кога моралот е паднат, кога „векот е разлгобен“ , кога нормалните денес се сметаат за луди. Во моментот има протести во многу земји, исклучително и во Бугарија... Во моментов тие се против мафијата, посегнувања и недостатокот на морал во владејачките. Верувам дека таму се шетаат и Хамлет и Дон Кихот и кој ли не.. Овие ликови постојат со полна крв и во денешниот ден заедно со денешното живеење.



**Дејан Пројковски, режисер на претставата Хамлет која се одигра во Драмски театар Скопје, вели:**

**„Денес не е проблемот да се биде или не, денес е проблемот да се Биде.“**

**Ваша критика? Да се биде или не ?**

Да се биде! Зошто какви ќе бидат соништата во гробот?!

НАЈСТАРИОТ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ВО МАКЕДОНИЈА СЛАВИ 60 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО

ЕЛИ РАДЕВСКА

# 60 ГОДИНИ ИЗВИДНИЦИ 60 ГОДИНИ МЛАДИ

Извидничкиот одред Димитар Влахов од Велес годинава прославува 60 години од неговото постоење, со самото тоа се прославуваат и 60 години од извидништвото во Македонија.

Димитар Влахов е прв одред кој бил формиран Во далечната 1948 година со законот за предвојничка обука во склоп на Гимназијата "Кочо Рацин" во Велес започнуваат да се формираат првите одделенија кои што работат активности слични на, извидничките. Тие одделенија се до 1952 година работат како неформални групи за да некаде есента во учебната 1952 / 1953 година од тие одделенија се формира извидничкиот одред "Димитар Влахов" Основач на одредот е Проф. Петар Петровски.

Во сите овие 60 години одредот бил дел од многу меѓународни активности како што се: 18-то Светско Џамбори во Холандија, 10от Светски Мут во Шведска, Инструкторска школа во Бохињ - Словенија, потоа учеството на Џамбори на интернет - ЈОТИ, Првиот интернационален скаутски видео филм фестивал – „СВИФЕСТ" во Ниш, учество на семинар во Кандерштег - Швајцарија, Будимпешта - Унгарија, Киев - Украина, Европската конференција во Прага - Чешка, Националното Џамбори во Германија, Роверверј - Италија и прославата на 100 години постоење на извидничкото движење во Светското во Англија во 2007 на 21 Светско Џамбори и многу други активности кој говорат за работата и искуството на најстариот одред во Македонија.

Мисијата на извидничкиот одред Димитар Влахов е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградба на подобар свет, каде што луѓето се исполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. А додека пак визија на извидничкото движење во Македонија е да стане современо, атрактивно и самоодржливо и да обединува млади луѓе преку неговите привлечни и динамични работни активности.

По повод 60 годишното постоење на одредот, извидниците од Димитар Влахов организираат прослава, на која ќе бидат доделени и плакети на оние извидници кој се дел од одредот 10,15 и 20 години. За пет години извидништво извидниците ќе добијат јубилејна марама.

На 45 годишнината од постоењето на извидничкиот одред Димитар Влахов од Велес во 1998 година одредот го добива највисокото општинско признание - "9то Ноемвриска плакета".Во 2002 година по повод 50 години извиднички одред Мија Станимировиќ од Ниш, одредот бил одликуван со Кристална плакета, а старешината на одредот Ангелче Гушев за квалитетното менаџирање на извидничкиот одред, од страна на Локалната самоуправа на Велес, добил " 9то Ноемвриска плакета" како највисоко општинско признание.











ТРИ ДЕСТИНАЦИИ ИДЕАЛНИ ЗА ПРОШЕТКИ И КАМПУВАЊЕ

А. МАКСИМОВА

# ДЕЛ ОД УБАВИНИТЕ НА ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

Македонија иако е мала земја, изобилува со природно богатство , кое нуди на своите жители и посетители уникатен спој на извонредна природа и култура како и долга традиција на незаменливо гостопримство. Богата со нејзината историја за градовите и селата кои останале практично непроменети со векови се природниот рај на Македонија. Источна Македонија е уште поголем предизвик, логор полн на природна убавина. Во овој број на Студентско ехо, им предлагаме на сите љубители на природата и пешачењето, три дестинации низ источниот дел на Македонија, каде можат да се тргнат од секојдневните обврски и да се впуштат во природното изобилие.



Дабот во кој спие смок

Легендарното дрво Даб, лежи во дворот на манастирот „Свети Илија" во селото Бели, кое се наоѓа под падините на Осоговските планини е место кое треба да се посети. Оддалечено е само неколку километри од градот Кочани. Дабот е необично дрво со пречник на стеблото и раскошни гранки и за кое се смета дека е старо и повеќе од шестотини години. За ова дрво жителите на с. Бели, плетат интересни приказни и легенди. Како една од најпознатите легенди која се шири за ова дрво е дека во внатрешноста на стеблото живеел смок како чвор на дрвото.

Покрај ова дрво има клупи и дрвени куќички, идеални за организирање на излети. Доколку сакате да се оддалечите од секојдневните обврски, сокријте се под дебелата сенка на раскошниот даб и уживајте во колоритноста на местото.



Пехчевски водопад со 11 мостови

Ако се одлучите да прошетате низ малешевскиот дел на Македонија, мора да ги посетите Пехчевските водопади кои се наоѓаат на само 6 километри југоисточно од Пехчево, лево од патот Пехчево – Рамна река, во прекрасната природа на Спиковски андак. За преминување на реката и водопадот се изградени 11 мостови, како и целиот простор е одвоен во парк, место кое привлекува туристи од регионот и земјата. Исто така ова место е богато од ретки претставници на растителниот и животински свет. Разновидните шумски растенија, богатството со лековити билки и шумски плодови ја дополнуваат привлечноста да се задржите колку што е можно повеќе.





Најголемиот водопад во Македонија

Смоларскиот водопад се наоѓа над селото Смоларе, Струмичко, во падините на планината Беласица. Смоларскиот водопад се смета за највисок и најголемиот водопад во Македонија, а падот на водата е од 39,5 метри.

Патот до водопадот е обиколен со зеленило и дрвја, ви овозможува релаксирачка глетка која ќе ве натера повторно да се вратите. Во подножјето на водопадот е мостот од каде што може да гледате и да уживате во убавината на природата. Областа околу Смоларскиот водопад е богата со вегетација и мов, која никогаш не ја менува својата свежа, зелена боја. Направете пејзажи фотографии и кога ќе ги прегледувате ќе ви возбуди чувство повторно да го посетите истото место.

ШТО Е КРИВО ВО КРИВА ПАЛАНКА?

ЕМИЛИЈА ЈОВАНОВСКА



# Град во кој за миг ќе заборавите на секојдневните грижи

**Крива Паланка е мал град, но богат со традиција, култура, приказни, мистерии и убавини. Во секое мало ќоше се крие по некоја тајна, нешто чудно, нешто ново и непознато. Затоа ова мало градче, кое спие во падините на Осоговските Планини, повикува да го посетите и почувствувате. Во североисточниот дел на Република Македонија, сместен под падините на Осоговските планини на двата брега на Крива Река се наоѓа токму овој град, Крива Паланка. Името на градот Крива Паланка доаѓа од кривото корито на реката Крива, а поранешното име на градот било Егри Дере. Градот е еден од најмладите градови во Република Македонија. Со својата природна убавина и богата културно – историска традиција, Крива Паланка сè повеќе се промовира како кај домашните, така и кај странските туристи. Кривопаланечката област има умерено-континентална клима со умерено ладна зима, свежа пролет, релативно топла есен, а пред се има чист планински воздух и затоа е град кој е погоден за да се посети во било кој временски период. Крива Паланка е и индустриски град, има различни фабрики, се огледуваат речиси сите житни култури по пространите полиња, развиено е земјоделието. Во Крива Паланка се наоѓа и нашироко познатиот рудник Тораница кој изобилува со олово и цинк.**

Православието е длабоко навлезено во животот и традицијата на паланечкото население, а за тоа сведочат големиот број на цркви и манастири што се наоѓаат во градот. Крива Паланка е позната и по еден од најубавите манастирски комплекси - манастирот Свети Јоаким Осоговски. На околу 3 километри североисточно од Крива Паланка во прегратките на дабовата шума на Осоговските Планини од памтивек се крие овој прекрасен манастир кој со своите убавини се вбројува во најубавите манастири на Балканот и претставува позната и многу посетувана туристичка атракција, црковно – духовно и културно јадро на овој регион, кој треба да се посети за да се почувствува секоја негова убавина и светост. Досега, на манастирот и неговата околина се направени многу промени со цел да се разубави неговиот изглед и да се привлечат уште повеќе посетители. На 28 август секоја година во манастирот се одржува традиционална прослава на верскиот празник Света Богородица на која доаѓаат посетители од секаде.

Во центарот на градот во непосредна близина на градскиот парк се наоѓа црквата Свети Димитриј. Изградена е со големо залагање. Иконостасот во внатрешноста на црквата е богато декориран со флорални мотиви и пејзажи. Манастирот и неколкуте цркви несомнено укажуваат дека корените на христијанството во Македонија се наоѓаат во Крива Паланка. Во својата програма, Крива Паланка освен што ги понудува посетите на манастирите и црквите, ги понудува и историските локалитети и природните убавини на градот, а освен што организира посети исто така организира и сместувања за туристите.













Локалитетите Градец, Трново, Ругинце и Станци се отворени за посетители во секое време. Кривулестиот каменит земјен пат е најава за селото Ругинце кое лежи распрскано по ридот на планината. Патот до селото почнува лево од автопатот Страцин – Крива Паланка. Во селото како неми сведоци стојат камени градби за кои се верува дека се остатоци од древниот град кој порано постоел. Селото Градец се наоѓа на 7 километри од градот. Селото Трново е на 15 километри североисточно од Крива Паланка, каде што се наоѓа старата црква Свети Никола од 16 век, во чија близина е Парохискиот дом. Локалитетите Станци, Дренак и Дурачка Река се на 6 километри југоисточно од градот. Сите овие локалитети претставуваат пријатни места за посета, со куќи изградени во традиционална архитектура и со прекрасни етно амбиенти кои нудат услови за сместување на туристи, каде што гостите можат да дегустираат традиционални јадења, приготвени на традиционален начин. Во Крива Паланка се одржуваат различни настани на кои може да присуствува секој кој има желба. Се одржуваат спортски настани, меѓу кои најпознати се планинарењето и искачувањето на околните врвови. Додека пак од културните настани најзначајни се Ликовната колонија „Свети Јоаким Осоговски“, Летна школа за архитектура и Фолклорен фестивал. Овие настани се здобиле со меѓународен карактер и во нив земаат учество повеќе учесници од различни земји.





На надморска височина од 1.870 метри се наоѓа еден од најубавите врвови на Осоговските планини, односно над ливадите се извишува единствена карпа која ја викаат Калин Камен. Ова место при посета на Крива Паланка едноставно не смеете да го пропуштите. До месноста Калин Камен се стигнува по искачување на угорницата над Свети Јоаким Осоговски. Од Крива Паланка до врвот има околу четири часа пешачење. При самото пристигнување на Калин Камен најпрво се забележуваат пространите зелени ливади и пасишта, рамнината со езерото, детскиот забавен парк, буковата шума, преубавите скијачки патеки, ловечката куќичка која располага со капацитет од 300 места за престој на туристи. Местото е познато и по живописните прошетки околу самиот врв Калин Камен, притоа може да Ве сретне и некое егзотично животно кое исто така тргнало на прошетка. Неговата околина нуди пријатни места за одмор и рекреација. На малиот спортски терен се организира ревијално рели за возила со погон на четири тркала. Од сите овие убавини кои ги поседува врвот, кој кривопаланчани со векови го викаат Калин Камен, можете да изберете само една причина и да се одлучите со часови да пешачите само за да го видите насекаде познатиот и единствен Калин Камен.

После долгата и исцрпна прошетка низ градот не смеете да си заминете без да ја вкусите совршено приготвената свежа риба во некој од рибниците, кои ве очекуваат да ви понудат одмор и релаксација. Ресторант парк – рибник во село Гиновце ви нуди опуштање покрај вештачкото езеро, манастирчето, малата зоолошка градина, ексклузивниот ресторан. Со прошетката низ пешачката патека можете да ги забележите впечатливите и незаменливи растенија и животни, а на крајот да ја пробате рибата во сплавот на езетото, бидејќи тој е најбараното место за посетителите.

Крива Паланка иако е мала по површина, содржи големо богатство и привлекува внимание со секој дел кој го поседува. Градот секојдневно го посетуваат луѓе од целата земја и странство. Премногу е тешко со зборови да се долови сето она што може да се види во ова местенце, затоа посетете го и почувствувајте.

**Крива Паланка е избрана за манифестацијата „Крива Паланка Град на културата за 2013“. Програмата за активностите содржи околу 180 активности поделени на неколку целини и тоа: фестивали, колонии, манифестации, музичко-сценска дејност, фолклорна, галериска, ликовна, драмска, книжевност и литература, музејска, филмска и кинотечна дејност, работилници, семинари, конференции, конкурсни и други активности.**



НИЗ ВРЕМЕТО...

МАРИЈА СПАСОВА

# КОЧАНИ НЕКОГАШ И ДЕНЕС

Секој град се познава по својата легенда, потеклото на името кое што го носи градот, по својата убавина. Секое место со себе носи и остава посебни морали, обичаи, впечатоци. Времето во кое што живееме денес може да го наречеме слободно и време – невреме. Така велам бидејќи не можеме да си дозволиме да ја прошетаме, истражиме доволно нашата земја во која што живееме. Да го прошетаме и гратчето кое е познато по оризот, тоа е Кочани. Кочани е град во источниот дел на Република Македонија со 38.092 жители.

Во периодот на Втората светска војна, Кочани беше мало провинциско гратче, споменувано благодарение на оризот. Запуштени ниски куќички од плет и кал, само неколку калдрмисани улички. Населението претежно било земјоделци, кое живеело во сиромаштија.

Денес Кочани прерасна во модерен град со потполно изградена инфраструктура, со добро осветлени широки улици и булевари, високи згради, уредени зелени површини, трговски центар. Сето тоа е уредено врз основа на современите решенија, планирања за уредувања на градот и неговата естетика. Културните збиднувања се остваруваат во бројни институции за која цел се изградени бројни објекти, како Дом на културата „Бели Мугри" и Библиотеката „Искра". Постојат и неколку фолклорни друштва кои го негуваат фолклорот. Секоја година во градот традиционално се одржуваат „Мајските театарски денови во реализација на (ДАФ) Драмскиот Аматерски фестивал во мај, а во месец септември се одржуваат Кочанските денови на оризот.

Кочани има долга музичка традиција, убавата староградска, народна македонска песна била и останала нераскинлив дел од секојдневниот живот на неговите жители. Желбата била голема да се следат музичките хитови во почетокот на шеесеттите, се појавуваат и првите рок групи врз кои големо влијание извршиле тогашните светски музички ѕвезди, поради што на репертоарите на кочанските бендови, се нашле многу познати хитови. Музичките дела се создадени во различни временски периоди. Многу од овие звуци се длабоко врежани во сеќавањата на граѓаните на Кочани.















Во градот и неговата околина се откриени повеќе локалитети од древното време, меѓу кои извесни изменувања се вршени на повеќе локалитети. Некои од првите и најстари маала и улици го имаат задржано својот автентичен стар изглед, како на пример Крушарското маало кое се наоѓа во близина на Градскиот парк. Како нешто што се сменило може да ја спомонеме браната „Градче" која што денес има нов изглед. Изградени се неколку туристички објекти кои што ги посетуваат туристите. Друга туристичка локација е туристичкиот центар „Поникве", кој во последно време е доста развиен и има голема посетеност од домашни како и од странски туристи. Исто така Кочани е град кој почива на геотермални води, кои во наредниот период ќе бидат искористени за проекти, што не беше случај досега, односно тие беа неискористени, иако ги има во големи количини.

Кочани е гратче кое што само по себе носи свои убавини. Ова место вреди да се посети бидејќи секој дел има своја приказна која што вреди да се слушне. Убавината на ова место е значајна за граѓаните на градот кои што ја негуваат неговата посебна автентичност.





НЕШТО ШТО МОЖЕБИ НЕ СТЕ ГО ЗНАЕЛЕ?!

А. М.



# ЖЕНСКАТА ЧАНТА СОДРЖИ ПОВЕЌЕ БАКТЕРИИ ОТКОЛКУ ПРОСЕЧЕН ТОАЛЕТ!







**Одредени истражувања покажуваат дека во една од пет торби полни со храна има многу повеќе бактерии отколку во просечна WC школка.**









Неодамнешна студија спроведена на Институтот за хигиена открива дека најнечист предмет во една просечна женска чанта е токму крема за раце. Во пакувањето на крема за раце се пронајдени повеќе бактерии отколку во просечната WC школка.

Во однос на карминот и маскарата ситуацијата е за нијанса подобра.

Тестови спроведени од Институт за хигиена исто така имаат откриено дека кожните чанти се многу по наклонети кон привлекувањето на бактериите поради сунѓерестата текстура која им пружа поволни услови за раст и ширење на бактериите.

Истражувачите сугерираат и ги советуваат дамите редовно да ги бришат рацете и чантите со антибактериски шамичиња и да употребуваат гел за спречување на контаминацијата.

Чантите редовно стапуваат во контакт со нашите раце и други површини, па ризикот од пренесување на различни бактерии е многу висок, посебно затоа што торбите се поретко се чистат. Кога овие бактерии се на торбата, тие многу лесно можат да се пренесат преку допир на друга површина и со тоа да започне контаминацијата која е доста опасна - вели Питер Барат, технички директор во Институтот за хигиена. Инаку, ова истражување настанува следствено на студијата која покажала дека работните површини се толку нечисти што би можеле да предизвикаат одредена болест.





# БРОДОТ „ЦРН БИСЕР“ 104 ГОДИНИ ВО ВОДА




„Црниот бисер“ има една навистина интересна историја која дотира уште од 1909 година . „Црниот бисер“ е изграден во Шведска и е еден од последните дрвени бродови наменети за тргување кој бил наречен „Црниот Опал” .

Тој бил толку добро обликуван , така што можел да плови и во балтичките студени зими, а може да плови дури и во силните ветрови во Скандинавија .

Црниот голем брод е изграден од трупот на два слоја на дебели даба . Над сто и педесет метри, со три јарболи кои се високи девет метри од палубата, „Црниот Опал” има навистина величествен поглед, како што тој пловел на отворено море за неговите трговски мисии кој носел нето тежина од речиси четиристотини тони .

За време на неговиот животен век, величествениот брод се соочувал со многу перипетии. Во 1969 година, тој пристигнал во






Рамсгејт каде што беше претворен во луксузен реновиран брод. Потоа тој бил преименуван во “Aeolus” и пловел за Австралија со екипаж од шеснаесет луѓе. Во меѓувреме тој патувал и до Девствените острови, на островите на Галапагос, Северното море, јужниот Пацифик.

Тој поради дефект во 1976 година запловил во Малтешките води за поправка и бил напуштен од сопствениците пристаништето каде што потонал.

Во 1979 година големиот брод бил реновиран од страна на Вела Манаки и со него бил сниман филмот „ПОПАЈ“ во кој имал значајна улога. За жал тој повторно потонал во 1981 година пловејќи во немирно морен а голема бура.

Сега тој е наречен Црниот Бисер и стои на брегот на Малта спасен од натамошното борење со брановите и силните ветрови. Денес тој се користи како елитен ресторант и големо историско дело.





# *Топ дестинации за лето 2013*



## Турција

**Кушадаси - Најпопуларното летувалиште на крајбрежјето на Егејско море**



Некогаш малото рибарско место Кушадаси (Островот на птиците), денес претставува еден од најизградените туристички центри на Егејскиот Брег. Топлата гостопримливост, големиот избор на хотели, богатиот и забавен ноќен живот го прават Кушадаси една од најпосакуваните дестинации за одмор. Благата медитеранска клима, за време на летните месеци, Ви нуди можност за релаксиран одмор за време на големите летни горештини. Неговите плажи: градската, женската и долгата плажа, го олеснуваат вашиот избор за место под сонцето. Изобилството на ресторани, кафетерии, дискотеки, продавници како и двата водени паркови во близината на градот од кои едниот е еден од најголемите во светот, ви гарантираат незаборавен летен одмор.

На оддалеченост од седум километри од денешниот град Ефес (Кушадаси, Турција), изградена на падините од планината Корес, во длабока борова шума се наоѓа куќата на Мајка Богородица.`

### Истанбул

Поради загадувањето на водата традиционалните летувалишта со плажи постепено започнале да исчезнуваат. Неодамна, повторно започнале да се градат старите места во градот. Најпопуларните места за пливање и одмор во градот се наоѓаат во Бакиркој, Сариер и на Босфорот. Надвор од градот, најпосетувани места се Мраморното Море, Принцовските острови, Силиври и Тузла, како и Килјос и Шиле на Црното Море.

### Анталија

Овој дел од турската ривиера со години е хит на нашиот, но и европски туристички пазар

Анталија е сместена во истоимениот залив на Тиркизниот брег, над кој се издигнуваат планините Таурус покриени со борова шума. Поради богатото историско наследство и природните убавини, Анталија со право ја носи титулата – една од најпрестижните европски дестинации…



Градот го сочинуваат два дела: современиот, со широки булевари, трговски центри и можности за добар ноќен живот и стариот дел од градот – Калеици, подигнат околу старото пристаниште. Во овој дел има тесни улички, стари турски куќи, занаетчиски работилници, кои не се само пример за архитектурата туку и за начинот на живеење. Во близина на градот, на плажата Лара се наоѓаат хотелски комплекси, кои на туристите им овозможуваат уживање во морето, сонцето и природните убавини на најчистиот дел на Средоземјето.

Во овој дел од Турција има луксузно сместување, хотели со пет ѕвездички. Хотелите се совршени, како за млади парови така и за друштвени и за семејни одмори.

Областа Анталија има околу 300 сончеви денови годишно, а во Лето температурите се премногу високи. Просечната температура изнесува 28 степени.








Сончев брег е одморалиште кое се наоѓа на југоисток од Бугарија на само 30км северно од Бургас. Ова е најмодерно одморалиште на Црно Море се наоѓа на 8 км долг песочен залив кој ја претставува младата месечина, свртена кон исток. Северно од одморалиштето има зголемувањето во последните падини на Стара Планина, која граничи со малиот град на Свети Влас. Јужниот дел на практиката продолжува и во новиот град Несебар.






Халкидики е полуостров во Егејска Македонија,Северна Грција. Полуостровот Халкидики се наоѓа во средиштето на грчката област Македонија, на 69 километри југоисточно од најголемиот пристанишен град Солун, помеѓу заливите Термаикос и Стримоникос. Оваа копнена маса што наликува на трозабецот од Посејдон е една од најпосетуваните и највозбудливите туристички дестинации во Грција. Според легендите, Халкидики е местото каде што се одиграла првата митска битка помеѓу Зевс и останатите старогрчки богови од една страна и Титаните, децата на Гаја (земјата) и Уран (небото) од другата страна. По победата на боговите, биле создадени сите предуслови за настанување на луѓето, па оттогаш цивилизацијата започнува да цвета. Енцеладиј, водачот на Титаните бил жив закопан на Касандра, па поради тоа што одвреме-навреме се обидува да избега од својот гроб, областа често е погодена од земјотреси. Првиот крак од Халкидики е именуван Касандра по Касандрос, кралот на Македонија; вториот крак е именуван Ситонија според Ситон, синот на Посејдон, богот на морето; а Атос своето име му го должи на истоимениот Титан кој фрлил по Зевс со огромна карпа, но го промашил.

ВО СВЕТОТ НА ТИНЕЈЏЕРИТЕ, ИНТРИГАНТНО И ВИСТИНИТО! А. М.

# ПРОСЕЧНА ТИНЕЈЏЕРКА СО СВОЈАТА МАЈКА ВОДИ КАВГА 183 ПАТИ ГОДИШНО!






Девојките во фаза на преминување од детство во зрелост годишно доживуваат 123 кризни моменти поради своите момчиња како и 257 кавги со своите браќа и сестри. Соочени со хормоните кои им струјат, тие во текот на една година во просек се караат 183 пати со своите мајки.

Причините за расправија се многубројни, а се започнува со расправата околу несредената соба. Меѓу првите пет причини за расправии меѓу мајка и ќерка се : потребата секогаш и на се да се даде одговор, односот со браќата и сестрите, односот со друштвото и доцните излегувања во град.

Начинот на облекување, дрското однесување, односот кон финансиите и училиштето, исто така спаѓа во групата на причини кои најлесно го потпалуваат фитилот на кавгата.

Дури на 23 години, после многу „треснати" врати (повеќе од 160 годишно), младите дами почнуваат да ги ценат своите мајки, се наведува во студијата на британската компанија за козметички производи Лил – Летс.

Три четвртини од женската популација на таа возраст велат дека им се благодарни на мајките, а 67 % од нив велат дека благодарение на тие жени кои ги донеле на свет, станале она што се денес.

Тинејџерките не се расправаат само со мајките туку и со своите татковци (157 пати годишно), со другарките (125 пати) и со сестрите и браќата (287 пати). Виновни се и за високите телефонски сметки поради тоа што поминуваат близу 274 часа годишно на своите телефони. Вистинито, корисно и реално!





СВЕТЛИТЕ И НЕЖНИ БОИ НАПАЃААТ ЕМИЛИЈА ЈОВАНОВСКА



# ЖЕШКО ЛЕТО СО ЖЕЖОК СТИЛ

**ИСТАКНЕТЕ ЈА ВАШАТА УБАВИНА ПРЕКУ СОПСТВЕНИ МОДНИ КОМБИНАЦИИ**

Како што полека одминуваат ниските температури, така рака под рака заедно со нив одминуваат и темните нијанси. Убавото време со себе секогаш ни носи убави моменти и свежи бои. Заборавете на ладното и лошо време и препуштете се на уживањето што ви го нуди летото. Без разлика дали се работи за вашиот мејкап или за вашата гардероба бидете сигурни дека треба во најбрзо време да ги оставите темните нијанси и да започнете да ги користите свежите и нежни бои. Сончевата сезона вели да ги заборавите дречливите неонски бои и предлага во тренд да бидат портокалова, розова, ментол, црвена, виолетова, сина, циклама, тиркизна, жолта, зелена, бела, кафеава и други такви нијанси. Модната индустрија ги прогласи овие бои за бои на 2013 година кои буквално владееја на модните писти и веднаш го привлекоа вниманието на сите припаднички на понежниот пол со свежината, нежноста и ведрината која ја носат со себе. Сите овие бои лесно се комбинираат едни со други што значи нема да Ви е тешко да експериментирате со нив.




Сирнете во вашите плакари и побарајте ги оние шарени, широки парчиња облека на кои веќе сте им го дале епитетот „demode" и бидете ин комбинирајќи ги токму тие парчиња облека и знајте дека ќе бидете најмодерни. Исто така, можете да прошетате низ околните бутици кои се преплавени со гардероба со светли и нежни нијанси. Кога веќе добивте претстава со какви нијанси да си ја збогатите вашата гардероба искористете ја својата креативност потенцирајќи го вашиот индивидуален стил, остварете ги вашите соништа и освежете ги своите комбинации со модната палета на бои за новата топла сезона. Со тоа што ќе создадете сопствена визија за сончевата сезона ќе ги задоволите вашите модни потреби, ќе ја зачувате вашата нежност и ќе се чувствувате исполнети. Кои нијанси и да одберете да ги комбинирате верувајте нема да погрешите. Летото со себе носи убави и егзотични авантури, па такви нека бидат и вашите летни комбинации, едноставно облекувајте се како што ќе Ве води срцето и топлите температури. Полека, но сигурно обврските се намалуваат па сигурно ќе сакате малку и да избегате некаде на одмор, а модерните летни парчиња облека годинава како да Ви прават услуга, најмногу ќе се носат лесни блузи, кошули, панталони, фустани, здолништа, бермуди, сако-а ..., повеќето од нив сигурно веќе ги имате на располагање, а од нив можете да одберете било што и сепак да бидете секси и во тренд, било да се наоѓате на плажа, на прошетка по улиците или пак на вечерно излегување. Ќе преовладуваат карнерите, чипката, ригите било да се хоризонтални или вертикални, цветните креации, лесните проѕирни материјали итн.






Вреди да се нагласи дека токму во ваквите нијанси во тренд ќе бидат и годинашните костуми за капење, а нивниот модел секако ќе зависи од градбата на вашето тело. Кога сме кај мејкапот истакнете ја вашата природна убавина отфрлајќи ја нападната шминка која изгледа вештачки и ставете акцент на летните и сочни бои за да можете да маѓепсувате со еден нежен поглед. Темните нијанси како црна, темно кафена и сива оставете ги заробени во минатото и мешајте ги нежните нијанси за да постигнете екстравагантен и сензуален резултат. Актуелни ќе бидат впечатливите кармини, нежното розово руменило, светлите сенки за очи, природната форма на веѓите и кафен слој на маскара за преку ден, а црн за навечер и никако вештачки трепки. Како што забележувате и немате потреба од премногу козметички производи, едноставно уживајте со минималната шминка, едноставни разбушавени фризури и бидете среќни во природната убавина и во веселите нијанси. Сезонава најмодерни ќе бидат овалните нокти, а нивни главни украси ќе бидат цирконите, нитните и бисерите. Изборот на боите е оставен на вас. Модните додатоци повторно ќе бидат „ин". Впечатливиот, масивен накит во златна боја ќе биде најзастапен, но никаде не смеете да одите без некои навистина возбудливи и посебни чанти и очила за сонце, кои мора да бидат во склад со трендот кој ќе ја претстави жешката сезона. Обувките кои ќе ја одбележат топлата сезона без разлика дали ќе бидат во класичната црна боја или во некоја од прогласените бои за 2013 година, најважно е дека ќе биде избегнувана каква и да било платформа. Еден пар луксузни чевли, чанта или парче накит ќе дадат невидена елеганција и женственост во секоја ваша модна комбинација. Што и да одлучите да комбинирате не Ви остава можност за евентуални пропусти.



ИАКО НЕ СЕ ЕМИТУВААТ НА ТЕЛЕВИЗИЈА ПУБЛИКАТА УСПЕВА ДА ГИ ГЛЕДА — САБИНА ТРАЈКОВА

# НАЈПОПУЛАРНИТЕ ТЕЛЕВИЗИСКИ СЕРИИ МЕЃУ ИНТЕРНЕТ КОРИСНИЦИТЕ




Телвизиските серии стануваат исклучително популарни. Иако кај нас, голем дел од нив, не се емитуваат сепак и на овие простори публиката успева да ги гледа. Така голем дел од овие серии станаа и најпиратизирани во историјата.

„Игра на престолот" се здоби со титулата за најпиратизирана серија оваа пролет, бидејќи пет милиони луѓе да ја презеле третата сезона преку интернет.

Дејвид Петрарка, режисерот на серијата изјави дека не му пречи што серијата е популарна меѓу оние кои користат пиратски содржини. Листата на најмногу пиратирани серии оваа пролет сајтот „TorrentFreak", исто така ги вклучува и "The Vampire Diaries", "How I met your mother", "Hannibal" и "Arrow".

Бројот на преземања не ги вклучува сите преземања, што значи овие бројки на нелегални преземања се далеку поголеми. Ова е листата на нелегално преземени серии, сериите се подредени по бројот на нелегални преземања преку интернет.

1. **Game of Thrones (5.2 милиони)**
2. **The Big Bang Theory (2.9 милиони)**
3. **How I Met Your Mother (2.85 милиони)**

**„Како ја запознав вашата мајка"-„How I met your mother"**

**„Како ја запознав вашата мајка"** е американска хумористична серија која имаше премиера на телевизијата CBS на 19 септември 2005 година. Креатори на серијата се Крег Томас и Картен Бејс. Во оваа комедија во 2030 година еден татко раскажува приказна на своите деца за тоа како се запознал со нивната мајка. Идејата на авторите е да се напише текст за она што го доживеале во Њујорк кога биле млади. До 2012 година се емитуваа седум сезони со вкупно 160 епизоди. Секоја епизода беше со времетраење околу 21 минута. Осмата сезона започна со емитување на 24 септември 2012 година. На крајот на 2012 година беше објавено дека серијата ќе има уште една (деветта) сезона.

**„Теоријата за големата експлозија" – „The big beng Theory"**

**„Биг Бенг"** е американска серија која што е во режија на Чак Лор и Бил Прејди. Тие се продуценти на серијата заедно со Стивен Моларо. Леонард и Шелдон се цимери и брилијантни физичари. Тие се со беспрекорни умови кои знаат како функционира вселената. Ситуацијата се менува кога во станот отспротива се вселува симпатичната и комуникативна Пени. За Леонард, од тој момент се отвора еден сосема нов, нему непознат свет, во кој може да се најде место и за љубов. За разлика од некои други хумористични серии „The big bang Theory" ште на самиот почеток постигна голема гледаност благодарение на одличното сценарио со духовити дијалози.

**„Игра на престолот" – „Game of Thrones"**

**„Игра на престолот"** е американска епска фантастична телевизиска драмска серија која е промовирана на CBS од Дејвид Бениоф и ДБ Вајс. Тоа е извадок од една книга во која што се опишува една песна на мраз и пожар. Снимен е во студиото Белфаст и на други локации во Северна Ирска, Малта, Хрватска, Исланд, и Мароко. Серијата доби големи признанија, иако употребата на голотија и насилство предизвика контроверзии меѓу гледачите. Серијата има добиено бројни награди и номинации, вклучувајќи и две Еми награди за најдобра драмска серија. Питер Динклаг исто така освои Еми награда за најдобра машка улога во драмската серија и награда на Златен глобус за најдобра машка споредна улога во серијата.





СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ МЕЃУ СТУДЕНТИТЕ — НЕНАД МИЦОВ

# УГД ИМА СВОЈ ТЕНИСКИ ПРВАК



За прв пат во Штип во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" се одржа тениски турнир на кој учествуваа 12 студенти. Победник на овој турнир беше Борис Стојчев, апсолвент на Факултетот за информатика. Во групи од по 6 натпреварувачи, секој натпреварувач имаше шанса да си ги пресмета силите со останатите. Најдобрите двајца од групите играа полуфинале, а во финалето влегоа Борис Стојчев и Драган Јованов. Крајниот победнички резултат беше 7/5 : 7/5 за Борис Стојчев. Овој турнир беше организиран и поддржан од Студентскиот парламент при Универзитетот „Гоце Делчев", а се одржа на тениските терени на тенискиот клуб „Астибо" од Штип. ТК „Астибо" е вистински расадник на млади тениски таленти во Штип, од каде потекнуваат и почетоците на Борис.

Нешто повеќе за турнирот и тенискиот првак на УГД, дознаваме од интервјуто кое „Студентско ехо" го направи со него.

**Преку тенисот, Борис го има формирано и своето животно мото:**

**Life is like a tennis match. If you want to win, you must serve well, return well, play coolly and always remember that the game begins with "love all"!**

**Од кога се занимаваш со тенисот и како се роди желбата да играш токму тенис?**

- Со тенис се занимавам од мојата 7ма година, а желбата ми се роди откако на телевизија почнав да ги гледам во тоа време едни од најдобрите тенисери во светот, Горан Иванишевиќ и Јелена Докиќ.

**Дали досега си учествувал на останати тениски турнири и натпреварувања?**

- До мои 18 години активно играв речиси на сите државни првенства во Македонија кои се одржуваа во различни градови, најчесто во Скопје, но исто така имавме турнири и во Струмица, Кочани, Охрид, Прилеп, Битола. По завршувањето на мојата јуниорска кариера во Македонија почнав да играм на некои интернационални турнири во Германија и настапував на повеќе отворени првенства на ниво на Северна Рајна Вествалија во Дизелдорф, Келн, Дортмунд и Лунен.

**Што значи за тебе победата на овој турнир и што следува потоа?**

- Победата на овој турнир ми значи многу затоа што ова беше прв турнир организиран од страна на Универзитетот „Гоце Делчев", а тоа што сум прв победник ме прави особено горд. Поради повреди во коленото одреден период, бев скептичен во моите перформанси , но по овој турнир си докажав самиот себеси дека сè уште можам да одиграм добри партии тенис. За понатаму не би знаел од сега да кажам, првенствено ќе се посветам на мојата професионална определба, а ова останува да биде мое хоби.

**Кој е твојот тениски идол и зошто?**

- Мои тениски идоли се Новак Ѓоковиќ и Елена Деменитева. Двајцата се олицетворение на напорна работа, интелигентна игра, висока кондициона спремност што во тенисот е една од најбитните работи, потоа трпение, смиреност, упорност, пожртвуваност во играта и константност! И најбитно од сè: „Мечот не е завршен додека не е освоен и последниот поен"!

**Кој е Борис во приватниот живот, со што се занимава освен со тенисот?**

-Јас сум апсолвент на Факултетот по информатика, а освен тенисот што повеќе го сметам како мое хоби, уживам да ги правам сите работи што ги прават и останатите студенти, излегувања, дружење со најблиските пријатели, сакам да патувам во различни земји и да откривам различни култури и начини на живот, љубител сум на добра книга, а често знам да посетам театар и опера.

**Какви се твоите планови за во иднина? Дали повеќе би сакал да се занимаваш со тенис или професионално ќе се насочиш во други полиња?**

-Тенисот засекогаш ќе биде мој животен сопатник, без разлика дали е тоа на професионално или аматерско ниво. Играњето тенис ме исполнува, ми дава енергија и секогаш ќе бидам расположен за добра партија тенис. Со оглед на тоа што веќе сум на крај со додипломските студии, решив своето образование да го продолжам на приватната академија за 3D Моделирање, анимација и постпродукција SEAVUS.







РОНЕТА ПЕЕВА

# НАШИ КОЛЕГИ - УСПЕШНИ МАРАТОНЦИ




На 12.05.2013г. беше одржан деветтиот по ред Скопски Маратон. Почетоците биле во 1997г. , но со паузи и поминати препреки годинава беше одржан најмасовниот маратон во нашата држава до сега.

На годинашниов маратон, меѓу учесниците, а може слободно да се каже и меѓу најуспешните, беа тројца студенти од нашиот универзитет, наши колеги. Маратон(42км) трчаше Ристе Лазаров, студент на факултетот за туризам и бизнис логистика, и е првопласиран Македонец. Полумаратон (21км) трчаа Влатко Андонов, студент на факултетот за Индустриска логистика, кој е второпласиран Македонец и Горан Јанакиев, студент на факултетот за Фармација, заврши на 27мото место од вкупно околу 5000 учесници на маратонот. Тие трчаа и тренираат заедно со добро познатите штипски маратонци Зоран Саздов и Жикица Ивановски.

Ги прашавме да ни раскажат за нивните впечатоци и искуства:

## Горан Јанакиев

**Ова е твоето прво учество на маратон, какво е чувството?**

-Чувството е прекрасно, не може да се опише со зборови. Со самиот факт, дека како почетник го истрчав полумаратонот и тоа со добар резултат се изненадив и самиот себеси.

**Како ти се допадна организацијата на маратонот?**

-Организацијата беше на завидно ниво, ни беше обезбедено се што ни беше потребно за таму. Огромна поддршка и мотивација добивме од страна на публиката, која беше многубројна и не бодреше во текот на целиот маратон.

**Дали планираш да продолжиш да се занимаваш со атлетика?**

-Да, планирам да продолжам, но не професионално. Сепак, со задоволство би учествувал на некој ваков настан.




## Ристе Лазаров

**1. Какво е чувството да бидеш првопласиран Македонец на маратонот?**

-Минатата година неочекувано завршив на второто место на државното првенство, кое беше во склоп на скопскиот маратон. Од тогаш си поставив цел наредната година да атакувам кон првото место. После таа моја одлука немаше време за одмор и цело време тежнеев кон постигнување на мојата цел. Маратонот е специфична работа која од тебе бара целосна посветеност, напорни тренинзи и откажување од многу работи кои младината ги прави. Нема некоја посебна тајна, туку потребна е работа и само работа. Овој скромен успех го постигнав благодарение на долгогодишниот штипски маратонец Зоран Саздов, кој не сплоти мене, Миле Нацев, Влатко Андонов, Жикица Ивановски и Горан Јанакиев во едно и од нас направи атлетичари спремни да се борат за највисоките места на државните првенства и да бидеме едни од најуспешните.





**2. Колку време професионално се занимаваш со атлетика?**

-Во Македонија невозможно е професионално да се занимаваш со атлетика. Поради економската состојба во државава, спортот секогаш е оставен на последно место. Посебно тешка дисциплина е маратонот за кој повеќето граѓани и не знаат што е. За успешно да истрчаш дистанца од 42,095 м, годишно ќе искинеш повеќе пара патики кои што чинат и по стотици евра и друг вид на опрема која сами си ја купуваме и немаме никаква поддршка од општините и другите институции. И покрај тоа што активно трчам 7-8 години, а посериозно веќе една и пол година, поради ваквите околности не можеме да се занимаваме професионално со атлетика. Јас на ова гледам како на лек од разни болести на денешницата, стрес, прекумерна тежина, а преку трчањето знаеме дека се исфрла и ендрофин- хормон на среќа.

**3.Што мислиш за атлетиката во Република Македонија?**

-Имајќи предвид дека во атлетиката сум релативно кратко време, не сум доволно компетентен да зборувам за неа и нејзините згоди и незгоди. Само ќе кажам дека ако не вложиш, нема ни да добиеш, така што ако не се вложува во младите, не може ниту да се очекува некој позначаен резултат во блиска иднина.

Од мое лично искуство им препорачувам на младите, ако се уште не почнале да спортуваат, да почнат што побргу. Бидејќи само на овој начин ќе ги избегнат пороците на 21 век, ќе бидат многу поздрави и физички и ментално и спремни за предизвиците што ќе им ги донесе животот понатаму.




## Влатко Андонов

**Зошто токму атлетика?**

-Љубовта кон овој спорт ми се роди спонтано, покрај мојот матичен спорт, кошарката. Со сувото трчање (атлетиката) се занимавам доста долго и како прва причина можам да го наведам тоа дека постојано те одржува во добра психофизичка форма. Зборувајќи за трчањето не можам да не споменам дека тоа е бесплатно, а за возврат ти ја нуди најскапата работа на светот - доброто здравје. Тоа се основните причини поради кои секундарно се занимавам со овој спорт, кој веќе во последните 2 години, премина во нешто посериозно за мене.

**Дали ова е твојот најголем успех до сега и какво е чувството?**

-Минатата година на Скопскиот Маратон беше моето прво учество, каде за цел имав само да ја поминам патеката од 21км (полумаратонот), не ограничувајќи се со време и тоа го сторив солидно за македонски услови. Годинава, слободно можам да кажам дека се надминав себеси и се изненадив од својот резултат како второпласиран Македонец, односно петти на генерален пласман, од вкупно 850 ткачи во оваа дисциплина, со време од 1ч 19м и 49с. Тоа беше мојот најголем успех до сега и резултат кој не смее да се потцени во македонски рамки, а и со оглед на тоа дека повеќе се занимавам аматерски отколку професионално со атлетиката. Поради мојот успех бев многу среќен, а и самата организација на вакви настани ми претставува огромно задоволство.

**Кои се твоите планови за во иднина?**

-Не можам да кажам дека имам некои посебни планови сврзани со атлетиката, но сепак ќе продолжам да се занимавам со кралицата на спортот. Ќе оставам работите да се случуваат спонтано, можеби така е и најдобро.

Моја порака до сите студенти и млади луѓе е"Занимавајте се со спорт, затоа што нели - Здравјето пред се!"

# Топ 5 најскапи светски спортски зданија

Најновите спортски градби што се градат низ светот, очекувано е дека ќе имаат убав и модерен изглед. Но покрај тоа, архитектите по барање од инвеститорите, изготвуваат планови, кои подоцна градежните фирми ги спроведуваат на терен, за да покрај основните намени на арените, тие се искористуваат и за други најразлични цели, како што се концертите, промоциите, одигрувањата натпревари од други спортови и многу други намени. Во продолжение следува листата од седумте најскапи спортски градби во светот.

5. Медисон Сквер Гарден – „Светски“ најпознатата градина како што ја нарекуваат, е сала на неколку спортски клубови од Њујорк. Неа ја користат кошаркарите на Њујорк Никс од НБА лигата како и кошаркарите на Њујорк Либерти, кои се натпреваруваат во женската Американска најсилна лига, односно ВНБА. Освен нив, услугите на арената ја користат уште и хокеарскиот клуб Ренџерс од Њујорк. Таа уште се користи за одржување концерти и за доделување награди. Има капацитет од нешто повеќе од 18.000 места. „Градината“ која има впечатлив надворешен изглед во форма на круг, е отворена 1968 година и има вредност од 1.1 милијарда долари. Во оваа цифра се вклучени и средствата потрошени за реновирање во 1991 година, кога меѓу другото беа изградени и 82 луксузни апартмани. Во следниот период е планирано повторно реновирање и доградување, за кое ќе бидат потрошени нови 800 милиони долари, со што Медисон Сквер Гарден ќе скокне на самиот врв на најскапи спортски објекти.



4. Вембли – Стадионот се наоѓа во Лондон и на него фудбалските репрезентативци на Англија ги бранат боите на својата земја. Освен натпреварите на националната селекција, овде се играат и некои поважни натпревари како плеј-оф финалињата од Англиските фудбалски дивизии, финалето од ФА купот на Англија, а годинава на него се водеше и битката за трофејот во популарната Лига на шампиони. Тука се одржуваат и интернационални турнири во покер, а освен за спортска намена, стадионот се користи и за концерти на најголемите светски музички имиња. На Вембли во 2007 беше одржан 24 часовниот концерт „Лајф ерт“ на кој настапија Мадона, Ред Хот Чили Пеперс, Ѓуран Ѓуран, Металика и многу други. Сево ова ја покажува неговата мултифункционалност. Изграден е 2007 година на местото на поранешниот истоимен стадион, има модерен дизајн со капацитет од 90.000 места, и „тежи“ вртоглави 1.25 милијарди долари.





3. Каубојс стадион – На третото место се наоѓа стадионот во Тексас, кој е дом на Далас Каубојс, клуб кој го игра најпопуларниот спорт во Соединетите Американски држави, рагбито. Стадионот може да собере околу 80.000 гледачи, кои ќе ги бодрат своите идоли. На средината од игралиштето лебди огромен и прекрасен, еден од најголемите ЛЕД телевизори поставени на некои од терените низ светот. Треба да се спомене и фактот дека во случај на лоши временски услови, целосно подвижниот покрив создава услови за нормално одигрување на натпреварите, без нивно одложување. Отварањето на оваа арена беше 2009 година, а за изградбата беа потрошени вкупно 1.33 милијарди долари.



2. Јенки стадион – Откако Американскиот бизнисмен Џорџ Стенбренер го купи легендарниот бејзбол клуб Њујорк Јенкис, во далечната 1973 година, оттогаш па наваму, инвестирајќи во клубот, направи уште поголем гигант отколку што беше, пред тој да стане сопственик. Вредноста на клубот се покачи многупати, неговите играчи се воопшто најплатени спортисти во светот, а од 2009 година играат и на 1.5 милијарди долари вредниот стадион, кој беше изграден како награда од сопственикот за постигнатите резултати. Мултифункционалноста на новите градби е изразена и овде. Освен примарната функција на оваа бејзбол арена, таа може да се трансформира и за фудбалски натпревари, бокс мечеви, како и за одржување концерти. Јенки стадионот може да угости 50.000 љубители на бејзболот.

1. Метлајф стадион – Грандиозниот Метлајф е нешто повеќе од обичен стадион. Стациониран е во Њујорк, како дел од спортскиот комплекс Мидаунлоадс. Чест да играат на најскапиот спортски објект во светот имаат рагби клубовите од Њујорк, Џајнтс и Џетс. Метлајф е место каде најпознатите светски музичари ги одржуваат своите концерти како дел од своите турнеи, како и за одигрување фудбалски натпревари. На него уште се одржуваат разни шоу програми и промоции на светски познатите брендови. На сите четири агли во стадионот се поставени големи видео – бимови. Во подтрибинскиот простор може да се посетат некои од бројните ресторани, музеи, фан – продавници, барови и слично. Прогласен е за спортско здание кое што најмногу заработило во 2012 година. Неговиот капацитет е 82.000 места и чини засега рекордни 1.6 милијарди долари, со што го зазема првото место на оваа листа.







# 91 MHz




УГД fm 91.0